Бр./Nr 12-581/3
17-12-2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на продолжението на 42-та седница одржано на 11.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предметот со број 12-5517/1 од 04.12.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконско работење на ------------------------ АД ------------- во ликвидација, односно намерно одолговлекување на постапката од страна на ликвидациони управници и нивно здружување со адвокати, извршители, ликвидациони судии и др. со цел остварување корист и перење пари од наплата на затезни камати од, како што е наведено во пријавата, застарени долгови од многу таканаречени должници.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на содржината на пријавата и дополнително прибавената документација и информации утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што наводите во пријавата не се потврдени и постапувале други надлежни органи.

Предметот со број 12-5517/1 од 04.12.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-5517/1 од 04.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконско работење на ------------------ АД --------- во ликвидација, односно намерно одолговлекување на постапката од страна на ликвидациони управници и нивно здружување со адвокати, извршители, ликвидациони судии и др. со цел остварување корист и

перење пари од наплата на затезни камати од, како што е наведено во пријавата, застарени долгови од многу таканаречени должници.

Во пријавата исто така се укажува на незаконско стекнување со градежно земјиште во местото ---- -------------------------------------- од голема вредност од страна на поранешно службено лице -------------- ------- – --------------------------- во сопственост на ----------------------- АД --------------------, при што му помагале неговите советници ---------------------, поранешен директор на Завод -------------------- и -------- --------------, поранешен директор на --------------------. Воедно, во пријавата се истакнува барање за поведување на постапка против поранешните службени лица и сите стечајни управители во однос на нивните наводни криминални дејствија, како и да се стопираат налозите за извршување кај извршителот - ------------------------ кои се наплатуваат од пензионерите.

Во однос на наводите за одолговлекување на постапката за ликвидација ДКСК се обрати до Основен суд Скопје 2 да достави целосна информација за постапката за ликвидација и за исходот од истата. Од доставеното известување од судот се констатира следното:

Пред Основниот граѓански суд Скопје во тек е ликвидационата постапка над ликвидациониот должник -------------------------------- АД --------------- - во ликвидација. Во текот на постапката сменети се повеќе ликвидациони управници и известува кој е ликвидационен управник во моментот. Судот, исто така, известува дека ликвидационите управници врз основа на овластувањата што ги имаат согласно одредбите од Законот за стечај ги преземаат сите потребни дејства за остварување на целта на ликвидационата постапка, а тоа е намирување на доверителите. Во дописот се наведува дека за секое преземено дејствие одговара секој поединечно во согласност со делокругот на своите овластувања, па оттука произлегува дека судот не може да се здружи со било кој од наведените лица за да наплати застарени долгови од т.н должници.

Воедно, ликвидациониот судија нема увид во предметите кои ги води ликвидациониот управник, за кое водење одговара согласно одредбите од Законот за стечај и е должен да постапува совесно и стручно. Наплатата на побарувањата е врз основ на дозволени правни дела коишто се засновани со судска одлука којашто потоа во извршна постапка се наплаќа од страна на должниците. Должниците може да го искористат правниот лек и да вложат приговор на извршување кој приговор исто така се одлучува во судовите, а по жалба се одлучува во Апелационите судови на подрачјето на РСМ.

Во однос на наводите за незаконско стекнување со имот од страна на службеното лице ------------- -, ДКСК веќе одлучувала по ваков предмет бр. 12-1542/1 од 04.12.2007 за што во 2011 има донесена одлука дека не се потврдени наводите и предметот е затворен. Меѓудругото, при работата на овој предмет се остварени и средби со останатите споменати лица во пријавата и се побарани и прибрани податоци и информации од надлежни институции.

Во однос на барањето за запирање на налозите за извршување кај посочениот извршител ДКСК нема надлежност за постапување.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина што наводите во пријавата не се потврдени и постапувале други надлежни органи.

Имајќи го предвид горе наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: м-р В.Г, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**